Бр./Nr 12-1173/6

17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапувањето по пријавата со број 12-1173/1 од 20.03.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1173 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1173/1 од 20.03.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на забраните пропишани во изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, од страна на службени лица во /// - чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Како што е наведено во пријавата, против подносителот, во својство на административен службеник, вработен во ///, за време на изборниот процес парламентарни и претседателски избори 2024 година, била покрената дисциплинска постапка со наводи за сторен дисциплински престап. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставен е Предлог за поведување дисциплинска постапка против подносителот, бр. /// од /// година, потпишан од директорот на горе означеното ///, службено лице ///.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По увидот во содржината на пријавата и доставениот горе означен Предлог за поведување дисциплинска постапка, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од /// и врз основа на добиените докази оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување. Дисциплинската комисија донела Решение бр. /// од /// година, со кое дисциплинската постапка се става во мирување поради забраните во чл. 8-а ст. 1 ал. 3 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 40/06 ... 27/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 98/19 ... 58/24). Дисциплинската постапка ќе продолжи по завршувањето на изборниот процес парламентарни и претседателски избори 2024 година. Ова Решение е уредно доставено до подносителот на /// година. Следствено, ДКСК оцени дека нема прекршување на одредбите од чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Конкретниот случај нема елементи за натамошно постапување, заради што ДКСК одлучи постапката за овој предмет да ја запре.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член

Доставено до:
- Подносителот